СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 25-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.IX.1995 г.**

Дискутанти:

1. Тито Петковски - води седница
2. Никола Поповски - 2

Дневен ред: Точка 4

- Предлог за донес.на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Кралството Холандија.

ПРОДОЛЖУВА

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од третото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 1995 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ни остана недовршена точката 4 од оваа седница.

Точката гласи

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија, за уредување на договорните состојби помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија за уредување на договорните состојби

помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласа за.

Молам, дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со образложението што вчера го поднесов не би сакал да го повторувам, барам Парламентот да не го усвои Предлог - законот и да препорача на Владата на наредната седница да предложи предлог за закон на предлогот за донесување на закон со цел повторно да го види Законодавно - правната комисија и Комисијата за надворешна политика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за. Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија за уредување на договорните состојби помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Со тоа за денес седницата е завршена.

(Седницата заврши во 12,55 часот).